На ден 22.05.2012 год. (вторник) во салата за состаноци на општина Кочани , се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проектот: Брана и Акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани. Јавната расправа ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање и започна во 12:30.

**Присутни:**

- Влатко Цветаноски – Советник во одделение за оценка на влијание врз животна средина, МЖСПП;

- Хусни Тачи – помлад соработник во одделение за оценка на влијание врз животна средина, МЖСПП;

- Менка Спироска - консултант во фирмата Деконс ЕМА;

- Ратко Диметровски – градоначалник на Кочани

- Бојан Дурне - претставник од страна на инвеститорот МЗШВ;

- преставници на општина Кочани;

- Заинтересирани/засегнати граѓани

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:**

**Отварање и вовед**

- **Јавната расправа ја отвори и ја водеше Влатко Цветаноски** – Советник во одделение за оценка на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници тој ја истакна важноста од одржувањето на јавната расправа и учеството во дискусијата на истата. Со краток осврт на постапката за оценка на влијание врз животна средина беше објаснето дека врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина, како услов за добивање на Решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, согласно Законот за животна средина, а потоа им даде збор г-дин Ратко Диметровски – градоначалник на Кочани кој кажа дека овој проект е од исклучителна важност за општина Кочани и за граѓаните на Кочани. Потоа збор доби претставникот на консултантската фирма Деконс ЕМА, г-ѓа Менка Спировска за презентирање на проектот.

**Презентација на Студијата**

Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: Брана и Акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани ја презентираше Менка Спироска - консултант во фирмата Деконс ЕМА, која е изготвувач на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина.

**Во презентацијата на Студијата Менка Спироска - консултант во фирмата Деконс ЕМА** ги презентираше основните параметри на Проектот: Брана и Акумулација "РЕЧАНИ" со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река) во општина Кочани и исто така беше истакната оправданоста на проектот. Таа ги презентираше главните карактеристики на проектот и наведе дека Хидросистемот "Оризарска Река" е повеќенаменски водостопански наменет за обезбедување на: водоснабдување на населението и индустријата од општините Кочани, Виница, Чешиново-Облешево и Зрновци, наводнување на земјоделски површини, производство на електрична енергија, оплеменување на малите води, заштита од поплави и

развој на туризам спорт и рекреација. Исто така консултантот ја претстави намерата на инвеститорот дека овој проект ќе се реализира во шест фази. Предмет на оваа Студија се првите три фази од реализација на проектот односно фазата на изведба на хидројазелот Речани и создавање на акумулацијата, како и изведба на пристапниот пат до профилот Речани. Таа заседе позитивен став кон изградбата на Проектот при што смета дека овој проект позитивно ќе влијае посебно на подобрувањето на социо-економската состојба на локалното население, економски развој на општина Кочани.

Консултантот исто така истакна дека во Студијата се анализирани следниве главни влијанија: квалитет на воздух, квалитет на вода и почва, бучава, управување на отпад и тоа во сите фази од животниот циклус на проектот - фаза на изградба, оперативна фаза и фаза на евентуално престанување со работа. За секое од овие влијанија, по секоја фаза поодделно, предвидени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија.

По завршувањето на презентацијата на Студијата за ОВЖС, Влатко Цветаноски, пред да ја отвори дискусијата информираше дека сите заинтересирани можат во рок од10 дена да доставaт коментари во однос на Студијата за ОВЖС, а коментарите од заинтересираната јавност ќе бидат земени предвид во процедурата на издавање на Решение за согласност за спроведување на проектот.

**Дискусија**

**Г-дин Јордана Наунов** – претставник на работната група формирана од градоначалникот на општина Кочани ги изнесе забелешките а една од нив беше зошто тие не се инволвирани во изработкат на оваа Студија со што тие би придонеле во подобрување на квалитетот на Студијата. Тој постави прашање околу измена на квалитетот на водата со изградба на акумулацијата, дали гараѓаните на овие општини ќе добијат вода со полош квалитет и дека студијата е изработена од кабинет?

**На ова одговор даде**
**консултантот Менка Спироска:** Студијата не изработена кабинетски излезени се на терен сведоци се представниците на општината и ги имаат согледувани сите аспекти и им биле достапни сите податоци односни од гелогијата и хидрогеологијата, од конпетентните луѓе, и не се направени истраги туку се земени податоците од претходните истраги заради рокот кој требаше да се изработи студијата, исто така се анализирани и кумулативнита влијаниа и ефекти од изградбат на акумулациите Гратче Калиманци и Злетовица, на табела 8.4.4 се презентирани параметрите за квалитетот на водата. Доколку е неопходно да се направат нови геолошки и хидрогеолошки истраги ние ќе се портудиме истите да ги направиме.

**Бојан Дурнев – претставник од МЗШВ** му одговори дека ова акумулација не е предвидена да се изгради на била каква локација туку таа е предвидена и со Просторниот план на Република Македонија и тој е званичен документ и во него не е предвиден изградба на јжкопови и рудници туку изградба на брана и акумулација а за квалитетот на водата се направени испитувања и истиот
одговара на квалитетот на водата за пиење и наводнување.

**Г-дин Иванов Јован** – претставник на Водостопанство Брегалница праша околу загадување на водата од посетителите а врз основа на тоа да се дадат насоки за забрана за изградба на бесправни објекти и со испуштање на фекалните води ќе придонесат во загадување на акумулацијата.

Нема да се дозволи изградба на бесправни објекти, предвидени системи за собирање на отпадните води на крај на студија има табела каде е предвиден и план за мониторинг.

**Глигор Димитров** – месна заедница село Полаќи праша како ќе се решат имотно правните односи, бидејќи истите не се решени, секој има по 50 хектари земјиште кое акумулацијата ќе ги поплави и веќе нема да можат да се користат?

**Бојан Дурнев одговори:**
општината Кочани е задолжеена да изработи елаборат за експорпријација за тоа кој колку земјиште во иднита нема да ги користи за обавување на земјоделските работи заради изградбата на акумулацијата и истите согласно Законот за експорпријација ќе бидат обештетени од страна на општина Кочани.

Други дискутанти не се пријавија и на крај Влатко Цветаноски ја затвори јавната расправа во 14:30 часот, со напомена дека сите забелешки и сугестии можат да бидат доставени во писмена форма до МЖСПП.

**Записникот го водеше:**

Влатко Цветаноски

Хусни Тачи

Проверил: Зоран Бошев